„Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ни раскажа, а тој е искрен и она што го зборува е вистина: ‚Создавањето на човекот се одвива во утробата на неговата мајка четириесет дена и четириесет ноќи

Абдуллах бин Масуд, Аллах нека е задоволен со него, пренесува: „Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ни раскажа, а тој е искрен и она што го зборува е вистина: ‚Создавањето на човекот се одвива во утробата на неговата мајка четириесет дена и четириесет ноќи, потоа станува згрутчена крв толку долго, потоа станува залак месо толку долго. Потоа му се испраќа мелек, на кој му се наредува да запише четири работи: неговото снабдување - ризк, неговиот животен век, неговите дела и дали ќе биде од среќните или несреќните, а потоа му се вдахнува душата. Навистина, некој од вас ќе прави дела на жителите на Џенетот, сè додека не остане само една педа помеѓу него и Џенетот, па го претекне она што му е запишано, и ќе почне да прави дела на жителите на Огнот, и ќе влезе во него. И навистина, некој од вас ќе прави дела на жителите на Огнот, сè додека не остане само една педа помеѓу него и Огнот, па ќе го претекне она што му е запишано, и ќе почне да прави дела на жителите на Џенетот и ќе влезе во него.'“

[صحيح] [متفق عليه]

Ибн Месуд рече: Ни раскажа Божјиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, а тој е искрен во своите зборови и Возвишениот Аллах ја потврдил неговата искреност: Создавањето на човекот започнува кога мажот ќе ѝ пријде на својата сопруга и неговата семенска течност се собира во утробата на сопругата четириесет дена како капка. Потоа станува згрутчена крв во следните четириесет дена. Потоа станува парче месо во третите четириесет дена. Потоа Аллах испраќа мелек кој му вдахнува душа по завршувањето на третиот период од четириесет дена. На мелекот му е наредено да запише четири работи: неговото снабдување (нафака), односно колку благодати ќе добие во текот на својот живот. Неговиот животен век, колку време ќе остане на овој свет. Неговите дела, какви ќе бидат. И дали ќе биде од среќните или несреќните. Потоа, Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, се заколна дека некој може да прави дела на жителите на Џенетот и неговите дела да бидат добри во очите на луѓето. И ќе остане така сè додека не остане само една педа помеѓу него и Џенетот. Потоа, она што му е запишано ќе го претекне, и ќе почне да прави дела на жителите

на Огнот, и ќе влезе во него; затоа што услов за прифаќањето на неговите дела е да остане истраен и да не се промени. Некој друг, пак, ќе прави дела на жителите на Огнот сè додека не остане само една педа помеѓу него и Огнот. Потоа ќе го претекне она што му е запишано и ќе почне да прави дела на жителите на Џенетот и ќе влезе во него.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65037